


ЏУЛИ БЕЛИНКС
МЕЛАНИ ЛОРЕНС



ОВА Е ПУБЛИКАЦИЈА НА
ФОНДАЦИЈАТА
AMBER ALERT EUROPE


# КРКОРЛИВАТА АВАНТУРА НА ЗАЈАКОТ

ПРИКАЗНА ЗА ТОА КАКО ДА СЕ СЛЕДИ ИНТУИЦИЈАТА И ДА СЕ ИМА САМОДОВЕРБА

**ЛОГО**

Авторски права 2023 АМБЕР Европска Фондација за предупредување

www.amberalert.eu

Автор: Џули Белинкс

Илустрации и каталогизација: Мелани Лоренс

Специјална благодарност до: Д-р Евелин Шпил-Флирман (Детски и психолог за млади НИП, ГСЗ психолог БИГ), Кирстен ван ден Берг (Бихејвиорален научник), Маришка Кастерс (Психолог), Нил Гиртс (Илустратор), Карло Шиперс (Поранешен експерт за исчезнати лица во Холандската полиција), Д-р Арин Флигер (Педијатар)

Ниту еден дел од публикацијата не смее да се копира, складира во систем за пронаоѓање или да се пренесува во каква било форма или на кој било начин, електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на друг начин, без дозвола од издавачите.

# КРКОРЛИВАТА АВАНТУРА НА ЗАЈАКОТ



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПОЛИЦИЈА
POLICE

AMBER ALERT .eu

Прекрасен ден во Зајачкополе.

Сонцето сјае.

Зајакот и неговиот пријател, Ежот, трчаат низ тревата.

Кикотејќи се и играјќи, тревата им ги боцка стомачињата.



Одеднаш, Зајакот запира и воздивнува.
Тој секогаш си игра во истата зелена ливада,
со истите скокотливи тревки.

„Што не е во ред, Зајаку?“, прашува Ежот, загрижен.
„Би сакал да си играм на друго место“, вели Зајакот.
„Некаде кај што никогаш не сум бил“.
Очите на Ежот се креваат од возбуда додека да смисли нешто.
„Имам одлична идеја! Да одиме во шумата!“



Зајакот се вкопува и размислува.
Мама и тато го предупредија за шумата.
Дозволено му е да оди само до големото, старо,
дабово дрво доколку тие не се во близина.

Наеднаш, Зајакот слуша чуден звук.
„Ррр-ррр-ррр“.
„Еј, од каде доаѓа тој звук?“
Гледа наоколу.
„Ррр-ррр-ррр“
Зајакот се почешува по увото, колку необично!



„Еј, Ешко, го слушаш ли и ти тој чуден звук?“, вели Зајакот.

Ежот ги напрегнува своите уши и слуша внимателно.

„Кој звук? Не слушам ништо!“

Зајакот одмавнува со главата. Можеби му се присторило.



Стигаат до работ на шумата.

„Доаѓаш ли?“, подвикнува Ежот.

„Не знам“, пелтечи Зајакот.

„Мама и тато рекоа не треба да одам во шумата без нив“.





„Немој да си кукавица!“, вели Ежот.

„ Бодликав сум. Ништо не може да ни се случи“.

Зајакот е љубопитен.

Има слушнато многу приказни за шумата.





А, покрај тоа, не дека е сам.
Заедно, секако дека е побезбедно.
„Ррр-ррр-ррр“
„Што ли е тој звук?“,
се прашува Зајакот додека
забрзано го следи Ежот накај шумата.

Зајакот и Ежот талкаат се́ подлабоко во шумата.
Одат низ потоци и шумски патеки, покрај зелени дрвја и црвени цвеќиња, заборавајќи за момент каде се.



Одеднаш, слушаат шушкање од блиската грмушка.
Се заледуваат од помислата што ли демне внатре.
„Можно ли е оттука да доаѓа чудниот звук?“, си мисли Зајакот.

Црвена, мека опашка се појавува од грмушките.
„Здраво, кој е таму?“, прашува Ежот.
„Јас сум зајак“, одговара животното.



Две бушави црвени уши ѕирнуваат од грмушките.

„Тие воопшто не се зајачки уши!“, извикува Зајакот.

„Да, тие се!“, вели животното.

„Дојди поблиску и ќе видиш“.



Зајакот чувствува дека нешто не е во ред.
Меката, црвена опашка и уши можат да значат само едно: лисица!

„Ррр-ррр-ррр“.
Звукот сега е погласен од претходно.




„Мора да си заминеме одовде, Ежу!
Во спротивно, ќе бидеме вкусен оброк!“
Срцата им бијат брзо додека итаат низ шумата.



Другарите доаѓаат на една чистина во шумата.
„Каде сме?“, Зајакот е загрижен.
„Не сум сигурен“, одговара Ежот, чешајќи си ја главата“
„Но знам дека сме далеку од Зајачкополе“.

„Ррр-ррр-ррр“






Зајакот потскокнува. „Го слушна ли тоа?“
Ама, Ежот сé уште не слуша ништо.



„Онаму!“, вика Ежот. „Стариот, голем даб“.
Дабовото дрво се издига над шумата.
„Ако се упатиме кон дабовото дрво,
сигурно ќе се вратиме во Зајачкополе“.



Зајакот и Ежот одат ли, одат.

„Мислам дека не се ближиме кон дома“, воздивнува Зајакот.

Одненадеж, се тресе земјата.

Огромни чекори се наближуваат.





„Мечки!“, извикуваат Зајакот и Ежот и
бргу се кријат зад грмушка.
Семејство мечки поминува покрај грмушката.
Мече седи на грбот на мајка му.
„Еј, види, има и мече“, шепотат другарите.
„Можеби мечките и не се толку опасни?“

„Да ги прашаме ли за помош? Инаку,
никогаш нема да се вратиме дома“, лелека Ежот.

„Ррр-ррр-ррр!“.

Звукот сега е посилен од кога било.
„Ајде“, вели Зајакот. „Да одиме“.



„З...здр...здраво“, срамежливо му се обраќа Зајакот на семејството мечки. „Се загубивме. Може ли да ни го покажете патот за Зајачкополе?“



„Се разбира“, рече една од мечките.

„Ги гледате ли оние прекрасни црвени цвеќиња онаму?“

„Следете ги сѐ додека не дојдете до големото езерце.

Кога ќе стигнете до езерцето, свртете на лево.

Малку подалеку, ќе го видите старото, големо дабово дрво.

Штом го видите дабовото дрво, скоро сте таму“.



Другарите му се заблагодаруваат на семејството мечки
и го продолжуваат своето патување.
Се движат по патеката со прекрасни црвени цвеќиња.
Секој цвет поубав од претходниот.





„Глеј!“, извикува Ежот. „Големото езерце!“.

Токму како што им кажаа мечките.

Другарите брзаат кон него.

Во далечина, го гледаат врвот од старото, големо дабово дрво.

„Наскоро дома!“, воскликнуваат Зајакот и Ежот.



Миг подоцна, стојат пред старото, големо дабово дрво.
Був е качен високо на гранка.
Многу е стар, најмалку стогодишен.
„Здраво, Був!“, весело го поздравуваат Зајакот и Ежот.
Бувот ги прашува што бараа во шумата.
Зајакот му кажува за нивните авантури и за чудниот звук.



„Да не знаеш каков звук е тоа?“, Зајакот го прашува Бувот.

„Знам“, вели Бувот.

„Слушај внимателно и ќе го чуеш“.

Зајакот слуша повнимателно.






Тогаш, зачу кркорење на своето стомаче.

„Ррр-ррр-ррр“

„Звукот доаѓа од мене!“, изненадено вели Зајакот.

Го допира стомачето.

„Така е“, вели Бувот.
„Тоа е твојата интуиција, некој внатрешен глас.
Интуицијата ти кажува кога е нешто исправно или погрешно.
Ако научиш да ѝ веруваш, интуицијата може да ти помогне да донесеш одлука“.



Зајакот клима со главата. Размислува за авантурите во шумата. Неговата интуиција веќе се обиде да му помогне денеска. Отсега па натаму, секогаш ќе го слушам тоа мое кркорење на цревата, си мисли Зајакот.



Зајакот и Ежот си седат на еден зелен брег во близина на големото, старо дабово дрво.
Тивко е додека го набљудуваат зајдисонцето над Зајачкополе.

Наеднаш, стомачето на Ежот гласно зарежува.
„Дали е тоа мојата интуиција?“, прашува Ежот.
Зајакот се кикоти. „Не, бидејќи и јас го слушнав. Мислам дека само си гладен. Ништо немаш јадено цел ден!“



И така, авантурата на Зајакот и Ежот завршува со кркорливо стомаче и сознанието дека може да ѝ веруваат на нивната интуиција во следната заедничка авантура.



# ЗА РАСКАЖУВАЧИТЕ

Кркорливата авантура на Зајакот е создадена со цел да се научат децата како да не се изгубат.

Секоја година, 300.000 деца исчезнуваат во Европа. За да се намали овој запрепастувачки број, важно е децата од рана возраст да се научат на вештини и да стекнат знаење како да бидат безбедни.

Со Кркорливата авантура на Зајакот, на децата им се пружа важен водич на игрив и позитивен начин. Овој водич се базира на пет совети во полето на исчезнати деца:

- Секогаш верувај на сопствените инстинкти. Ако не ти се чини добро, не прави го.
- Никогаш не оди сам некаде. Побезбедно е во друштво.
- Не оди со некого кого не го знаеш или не го очекуваш.
- Прашувај други родители за помош ако си се изгубил.
- Научи да фаќаш белешки или обележја. Ова ќе направи полесно да се вратиш.

Накратко, Кркорливата авантура на Зајакот не е само возбудлива и прекрасна сликовница, туку е и вредно надополнување на образованието на вашето дете.



# АМБЕР ЕВРОПСКА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

АМБЕР Предупредување, Европскиот центар за исчезнати деца, е фондација што се стреми да ја унапреди заштитата на исчезнати деца и да спречи децата да исчезнуваат, преку нивно зајакнување и подигање на свест за проблемот со исчезнати деца и неговите основни причини. Поврзуваме експерти од 44 владини организации, особено министри за внатрешни работи и полициски сили, како и невладини организации од 28 земји во нашата мисија кон нула исчезнати деца во Европа.

www.amberalert.eu



# КРКОРЛИВАТА АВАНТУРА НА ЗАЈАКОТ

Во Крkорливата авантура на Зајакот, Зајакот и неговиот другар, Ежот, одат во авантура во шумата, барајќи го чудниот звук што може да го слушне само Зајакот. Попатно, се запознаваат со нови пријатели и поминуваат низ возбудливи ситуации. Дали Зајакот и Ежот ќе ја разоткријат мистеријата на чудниот звук?

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПОЛИЦИЈА POLICE

AMBER ALERT .eu